Бидете запознаени со Вашите права

Јавете се на една од линиите наведени во оваа брошура ако Ви треба помош

Вие го добивате овој памфлет затоа што аплицирате за неимигрантска виза за да работите или студирате привремено во САД. Целта на оваа брошура е да ви помогне да ги дознаете Вашите права кога ќе пристигнете во САД. И покрај тоа што ќе живеете во САД само привремено, се уште ќе имате голем број на основни права на Вашето работно место кои ги имаат државијаните и жителите на САД.
Овој брошура ви дава преглед на Вашите основни права на работното место. Познавањето на Вашите права ќе ви помогне да се заштитите себеси од злоупотреба. Задржете го овој памфлет со Вас во САД во случај да треба да побарате некој за помош.
Овој брошура , исто така, беше создаден да ви помогне да се заштитите себеси против повеќето сериозни злоупотреби , како што е трговијата со луѓе. Трговијата со луѓе е форма на модерното ропство каде работодавец или други поединци преку физичка или психичка злоупотреба, предизвикуваат поединци да се чувствуваат дека тој или таа не е слободен да ја напушти создадената ситуација. Самото препознавање дека се наоѓате на работно место каде сте злоупотребени е првиот чекор кон добивањето на помошта.

Ако пристигнете во САД и имаат проблеми на работа треба веднаш да побарате помош. Не верувајте на Вашиот работодавец ако тој или таа ви вели дека немате законски права во САД. Не прифаќајте правен совет од Вашиот работодавец, договорувач или за агент за вработување. Само Вашиот правен застапник треба да ви даде правни совети.

Ако мислите дека Вашите права се повредени, телефонските линии наведени во оваа брошура може да ви помогнат да стапите во контакт со локалните организации кои можат да ви обезбедат дополнителна помош. Не плашете се да контактирате со овие организации! Тие се тука за да ви помогнат.
Оваа брошура не е замена за правни совети. Постојат многу различни видови на визи за привремена работа и образование, а Вие не треба да се плашите да побарате повеќе информации за Вашата виза.

АКО ВАШИТЕ ПРАВА СЕ ПОВРЕДЕНИ, ЈАВЕТЕ СЕ НА ОВИЕ БЕСПЛАТНИ БРОЈА:

Национален Ресурсен Центар за Трговија со Луѓе

1-888-373-7888

(24 часа)

Линија за Поплаки и Жалби на Работната Група за Трговија со Луѓе и Експлоатација на Работникот

1-888-428-7581

(понеделник-петок, 09:00-17:00 источно време)

Доаѓате во САД привремено да работите или учите?

Ние сме убедени дека ќе имате интересен и корисен престој. Сепак, доколку се соочите со некакви проблеми, во тој случај вие имате права и можност да добиете помош

Вие имате право да:

- Бидете третирани и платени праведно
- Не бидете присилени да ја работите работата спротивно вашата желба
- Чувајте ги и носете ги со вас вашиот пасош и други документи за идентификација;
- Пријавете злоупотреба без намера за одмазда;
- Побарајте помош од синдикатите, од групи за помош и права на имигрантите и работниците и од други групи; и
- Побарајте правда во американските судови.

Ако сте малтретирани или вашите права се повредени, јавете се на овие бесплатни броеви:

Национален Ресурсен Центар за Трговија со Луѓе

24 часа бесплатна линија

1-888-373-7888

(водена од невладина организација)

Линија за Поплаки на Работната Група за Трговија со Луѓе и Експлоатација на Работникот

(понеделник- петок, 9:00 – 17:00 по источно време)

1-888-428-7581

За повеќе информации околу вашите права за праведно третирање и исплата на вашата работа, видете на страница 5

За повеќе информации за вашите права да не бидете задржани на работно место против вашата волја, ќе видите на страница 7

Оваа брошура е создадена како резултат на Американскиот Федерален Закон,Јавен закон 110-457. Владата на САД ја има издадено оваа брошура во чест на владеењето на правото и почитување на достоинството на сите тие кои доаѓаат во оваа земја. Владата на САД е посветена во борбата против трговијата со луѓе и работничките права.

ЗАПОМНЕТЕ!

Постојат начини да се заштитите

- **Чувајте го вашиот пасош на безбедно и лесно достапно место во секое време;**
- **Чувајте копии од вашиот пасош, виза, и договорот за работа во вашата земја кај роднини или пријатели.**
- **Секогаш имајте го телефонскиот број на амбасадата на вашата земја;**
- **Имајте го овој памфлет при рака, така што ќе можете да се повикате на него кога ќе бидете во САД;**
- **Водете евиденција за сите работени денови и часови и износот и датумот на секоја исплата која ќе ја добиете, и**
- **Ако ви притреба помош, јавете се во Национален Ресурсен Цантар за Трговија со Луѓе на**
- **1-888-373-7888 (24 часа) или Линија за Поплаки на Работната Група за Трговија со Луѓе и Експлоатација на Работникот на 1-888-428-7581(понеделник- петок, 9:00 – 17:00 по источно време)**

- Ако сте во физичка опасност, треба веднаш да се јавите во полиција на 911. Ако се јавите во полицијата, покажете им го овој памфлет и злоупотребата која сте ја претрпеле.

Совет

Пред да заминете за САД, зборувајте со организации на работници имигранти или поранешни работници имигранти за имињата и броевите на лицата или организациите каде можете да се јавите ако имате проблеми или прашања во текот на вашиот престој во САД.

3. Дали ќе бидам депортиран ако пријавам злоупотреба?

Постојат програми за заштита на луѓето кои пријавуваат злоупотреба. Вие не треба да се плашите од побарување помош дури и ако имате имиграциски проблеми. Треба да се консултирате со адвокат за имиграција кој не работи за Вашиот работодавец. Телефонските линии наведени во памфлетот може да ви помогнат да најдете некој за да се консултирате.

- Ако мислите дека можете да бидете жртва на трговија со луѓе или на друг сериозен криминал, вклучувајќи силување или сексуален напад, имате право на друга неимигрантска виза, како Т виза (за жртви на трговија) или У виза (за жртвите на сериозни криминали дела). Овие визи беа создадени за да се обезбеди заштита на жртвите од определено кривично дело загрижени за нивниот имиграциски статус. Многу луѓе не се запознаени со овие визи и можеби треба им се каже на луѓето кои ви помагаат за нив.

4. Какви услуги се достапни за жртвите на трговијата со луѓе?

- Ако сте жртва на трговија со луѓе во САД, може да се квалификувате за бенефиции, услуги и правни поуки од областа на имиграцијата според федералните или државните програми.
- Многу организации може да Ви помогнат да имате пристап до овие услуги кои вклучуваат медицинска нега, нега на менталното здравје, домување, стоматолошка заштита, правно застапување за имиграција и други правни потреби, помош при вработување и јавни бенефиции.

Правила и контроли:

Работодавците и лицата кои им помагаат, може да употребат правила и контроли за да направат за вас и други работници да биде потешко да ја напуштите работата, се пожалите за малтретирање или побарате помош. На пример:

- Правила против напуштањето на работното место, или строги правила за тоа каде можете да одите кога не работите;
- Правила против задржување на Вашиот сопствен пасош, виза, извод на родени или други документи за идентификација;
- Одбивање на соодветна храна, спиење, или медицинска нега, или
- Спречување или Ваше ограничување на слободна комуникација со семејството, другите работници или индивидуи надвор од работното место.

Измама и лаги:

Работодавците и лицата кои им помагаат, исто така можат да користат измама и лаги. На пример:

- Лажни ветувања за работните услови, условите за живот или за платата;
- Соопштување дека немате никакви права
- Да ви кажуваат дека нема да ви веруваат ако се обидете да побарате помош; и
- Ве упатуваат да лажете за нивниот идентитет.

2. **Што треба да направам ако овие нешта се случуваат на мене?**

- Ако некои од овие нешта ви се случуваат на Вас или Вие се најдете во опасна ситуација, побарајте помош веднаш со повикување на 911, Националниот Ресурсен Центар за Трговија со Луѓе (1-888-373-7888) или Линијата за Поплаки и Жалби на Работната Група за Трговија со Луѓе и Експлоатација на Работникот. Тие можат да ви помогнат и да ве упатат до локална организација која им помага на жртвите на трговија со луѓе во Вашата област.

Преглед на процесирањето на неимигрантски визи

Што е Неимигрантска виза?

Неимигрантската виза е документ на американската влада што им дозволува на поединци кои патуваат во САД да побараат влез за одредена цел, на пример, да работат или студираат во САД.

Процесирањето на неимигрантски визи вклучува два важни чекора:

1. Поднесување барање за виза во соодветна американска амбасада или конзулат во странство; и
2. Презентирање на визата на имиграциониот службениик на граничниот премин на влез во САД .

Совет

Пред да патувате во САД, направете две копии на сите важни документи, особено Вашиот пасош (со визата), Вашиот договор и Вашите личните документи. Дајте еден сет на овие копии на некого кому верувате во Вашата земја. Кога ќе пристигнете во САД и кога ќе ја примите картичката I-94, направете една копија во случај да го изгубите оригиналот. Задржете ги сите овие документи на безбедно место.

1. Визата. Таа се наоѓа во вашиот пасош ги содржи вашата слика и датумот кога истекува визата. Ако вашата виза истече, не можете да влезете во САД се додека не се обнови.

- Ако имате виза врз основа на вработување, визата ќе го содржи името на работодавецот кој ја спонзорира работата во САД.
- Вашата привремена работна виза не ви дозволува да работите за секој работодавец кој ќе го одберете - тоа е дозвола за работа само за работодавецот наведен на вашата апликација за виза. Само во ретки случаи можно е да се промени работодавецот.
- Ова не значи дека треба да продолжите да работите за вашиот работодавец ако работодавецот ве злоупотребува или ве искористува вас.

2. I-94 картичка. Оваа картичка ви се издава кога ќе влезете во САД. Вашата I-94 картичка го покажува периодот на престој кој ви е дозволен да останете во

Совет

Откако ќе пристигнете во САД, задржете го Вашиот пасош и другите важни документи на сигурно место каде што можете да имате пристап до нив во секое време! Не е легално Вашиот работодавец да го земе Вашиот пасош и да го задржи на чубање!

Вашите права на работното место во САД

Постојат неколку видови на заштита кои се специфични за видот на визата што ја добивате.

Тие се наведени подолу според категоријата на визата.

A-3, G-5, и B-1 виза за домашна послуга

- Ако работите за дипломат (A-3 виза) или за претставник на меѓународна организација (G-5 виза), или ако сте вработен како домашна послуга носител на B-1 виза, вашиот работодавец мора да ви обезбеди договор за работа кој е во согласност со американските закони.
- Договорот мора да ги содржи следниве одредби:
  - Договор од страна на вашиот работодавец да не ги задржува од вас вашиот пасош, договорот за работа и други ваши лични работи.
  - Договор од страна на вашиот работодавец за постапување по сите закони во САД.
  - Објаснување за тоа колку ќе бидете платени за вашата работа, како и колку често ќе ја примата вашата плата.
  - Опис на вашите работни должности, неделни работни часови, празници, денови за боледување и денови за одмор.
- Бидете сигурни дека ги разбирате условите на договорот. Ако не можете да го разберете јазикот на кој договорот е напишан, прашајте некого во кого имате доверба да го прочита договорот во ваше присуство на јазик што го разбирате. Не потпишувајте нешто што не го разбирате!

- Ако имате проблеми со вашиот сегашен работодавец, јавете се на телефонските линии наведени во оваа брошура. Тие ќе бидат во можност да ве поврзат со локална организација која може да ви објасни за вашите можности.

Трговија со луѓе

1. Што е трговија со луѓе?

Трговијата со луѓе е една од многуте ужасни злоупотреби со кои еден поединец може да се соочи во САД. Трговијата со луѓе подразбира кога едно лице се регрутира, транспортира, или се држи против неговата или нејзината волја со цел за експлоатација. За целосна дефиниција на трговијата со луѓе, ве молиме видете на www.state.gov /g/tip (види Legislation-Trafficking Victims Protection Act). Ова се некои предупредувачки знаци кои можат да укажат на трговијата со луѓе:

Закани и стравувања:

Работодавците и поединци кои им помагаат на работодавците, може да користат закани и други застрашувачки дејствија за да направат Вие и други работници да се чувствувате престрашени за да се обидете да заминете. На пример:

- Тепање, физичка злоупотреба или сексуална злоупотреба
- Заклучување или ограничување на движењето на работникот;
- Закани на штета на работникот или семејството на работникот, ако тој се обидува да замине, се пожали на лошото однесување, ги извести властите за ситуацијата или побара помош;
- Закани за депортација или лишење од слобода или да се биде предаден на полицијата поради обид за напуштање на работата, жалба, известување или барање помош за ситуацијата на работникот;
- Работодавецот или некој кој работи со работодавецот,има повредено или загрозено други работници кои се обиделе да ја напуштат работата, да се пожалат, да известат или побараат помош или да се заканат дека секој работник кој ќе се обиде да избега ќе се пронајде и биде вратен.

6. Ваше право е да се приклучите во синдикат и во колективно договарање

- Со неколку исклучоци, сите работници во САД според федералниот закон имаат право да формираат и се приклучат во Синдикат, без оглед на нивниот имиграционен статус. Вашиот работодавец не може да преземе акција против вас заради тоа. Ова значи дека можете:
  - Да се придружите на останатите работници за подобрување на платата и условите за работа;
  - Присуствувате на јавни говори, собири, и демонстрации; и
  - Се приклучите во синдикат или други работни организации

7. Ваше право за поголема заштита спорет државниот закон

- Јавете се на телефонските линии наведени во оваа брошура за да ве посочат кај организации кои можат да ви ги објаснат вашите права во државата каде ќе работите.

8. Ваше право да напуштите злоупотребувачка работна ситуација

- Вие не мора да останете на вашето работно место ако вашиот работодавец ве злоупотребува.
- Но, ако сте дојдени во САД со виза издадена врз основа на вработување и го напуштитете вашиот работодавец, вашата виза веќе нема да биде валидна. Сепак, во зависност од видот на визата, вие имате можност да ја промените категоријата на визата или работодавецот. Вие исто така имате можност да останете легално во САД и да продолжите со правните барања.

Совет

Вие имате права во САД и никој не може да Ви ги одземе тие права. Постојат стотици организации кои можат да Ви помогнат. Не плашете се да побарате помош.

- Вие исто така можете да поднесете формална жалба или тужба против вашиот работодавец додека сте сеуште на работа. Постојат строги казни за работодавецот кој се обидува да ги казни работниците бидејќи тие се држат до нивните права.

- Кога ќе аплицирате за виза, американскиот конзуларен службеник ќе разговара со вас и ќе потврди дали вашиот договор е во согласност со американските закони. Не двоумете се да му поставите прашања на конзулот. Вашиот работодавец не треба да биде присутен кога ќе разговарате со конзуларниот службеник.
- Ако потпишете договор што ги нарушува вашите права или ако вашиот работодавец не го направи она што е напишано во договорот, јавете се веднаш на телефонските линии наведени во оваа брошура. Тие можат да ви помогнат да најдете адвокат кој може да ви помогне да ви ги објасни вашите права во ваква ситуација.

H-1B и H1B1 визи за вршење на услуги во специјализирани занимања

- Ако доаѓате во САД за вршење на услуги во специјализирани занимања или како манекен/манекенка, ве молиме посетете ја страната http://www.travel.state.gov за повеќе информации во врска со вашите права и можности за да се промени работодавецот.

H-2A виза за привремена работа во земјоделие

- Ако сте работник за привремена земјоделска работа, мора да добиете писмен опис на условите на вашето вработување не подоцна од првиот работен ден. Овој документ мора да содржи детални информации за придобивките, платата, престојот, времетраењето на работата и патните трошоци кои вашиот работодавец ќе ги обезбеди.
- Имате право да добиете примања исти или повисоки од примањата загарантирани од владата. Оваа сума се однесува без разлика дали сте платени на час или сте на норма.
- Вие не треба да платите даноци на социјалното осигурување на САД или надоместоци на вашиот агент за вработување во вашата земја.
- Вашиот работодавец мора да ви обезбеди чисто и безбедно сместување без никаков надомест.

- Вашиот работодавец мора да ви надомести за превозот од вашата земја до вашето место на работа, но само откако ќе заврши половина од времето предвидено со договорот; вашиот работодавец мора да ги исплати патните трошоци за вашето патување до дома по завршување на договорот.
- Имате право на загарантирана работа за најмалку 3/4 од бројот на работни денови наведени како договорен период, освен ако не бидете сменети од американски работник во текот на првата половина на договороениот период.

H-2B виза за привремени не-земјоделски работи

- Ако сте привремен не-земјоделски работник, имате право на исплата на или над вообичаената плата, која ќе биде најмалку на нивото на федералната, државната или локалната законска минимална плата, а може да биде и повисока. Оваа сума се однесува без разлика дали сте платени на час или сте на норма.
- Вашиот работодавец мора да обезбеди средства за патните трошоци за вашето патување до дома, ако вашата работа заврши или сте отпуштени поради деловни причини кои не се поврзани со ефикасноста на работата пред да заврши вашиот договор.
- Вие имате право на роковите и условите за вработување што се вообичаени за слични вработени американски работници во таа област.
- Вие никогаш не треба да плаќате такси на вашиот агент во вашата земја.

J-1 виза за студенска размена

- Освен ако вашата програма за размена не е спонзорирана од страна на Федералната влада, програмата мора да трае најмалку три недели. Формуларот DS-2019 кој е основниот документ потребен за аплицирање за J виза, ја покажува категоријата на размената и датумите на програмата. Во зависност од категоријата на размената, може да има и други документи и/или договори кои ги опфаќаат условите на вашата програма за размена.

  - Купатила: Купатилата треба да бидат чисти и достапни.
  - Питка Вода: Ако работите во земјоделството, во повеќето случаи, имате право да добиете чиста вода за пиење и миење раце.
  - Болест или повреда на работно место: Ако се повредите или се разболите на работа може да побарате медицински третман. Во повеќето случаи, ќе добиете бесплатен медицински третман и дел од платите изгубени додека сте биле повредени.
- Ако работите со и околу пестициди или опасни хемикалии:
  - Вие имате право да ги измиете рацете со чиста вода после ракување со пестициди и хемикалии. Имате право на обука за Безбедност од пестициди во текот на првите 5 дена на работата.
  - Вашиот работодавец мора да ви каже каде и кога пестицидите се прскаат за да се избегне случајно изложеност. Работниците и другите не треба да бидат во областа каде што се применуваат пестицидите.
  - Ако занимавате или применувате пестициди кои бараат да се користи заштитна опрема (како комбинезон, маска или респиратор), вашиот работодавец мора да ви обезбеди опрема што е чиста и во добра состојба.
- Итни медицински случаи: Во случај на вонредна состојба, јавете се на 911 и побарајте брза помош.
  - Вашите трошоци може да се исплатат, затоа треба да му кажете на вашиот работодавец што е можно поскоро така што работодавецот да биде во можност да ги поднесе потребните документи.
  - Кога сте на лекар или во клиника, побарајте копии од документите во врска со вашата болест или повреда.

ВНИМАНИЕ

Вашиот работодавец не може да ве присили да сторите нешто или одите некаде, па дури и назад во вашиата земја, со задржување на вашата плата.

3. Ваше право да не бидете дискриминирани

- Како вработен, вие имате право да не бидете третирани поинаку или лошо на работа, поради вашиот пол, раса, национално потекло, боја, религија или поради вашата онеспособеност.
- Вашиот работодавец треба да ја исплати истата сума за секој работник за иста извршена работа и да понуди на секој работник исти можности за работа, без разлика на родот, расата, националното потекло, бојата, религијата или онеспособеноста на работникот.
- Вашиот работодавец не може да направи да се зборува само на англиски јазик на работа, освен ако постои важна деловна причина каде се бара англискиот јазик.

Совет

Водете детална евиденција на секој несоодветен коментар и/или постапка направена кон Вас од страна на Вашиот работодавец и запишете ги имињата и телефонските броеви на сите сведоци.

4. Вашите права како жена работник

Вашиот работодавец НЕ СМЕЕ да ве третира поинаку или лошо, само затоа што сте жена или сте бремена - ова подразбира полова дискриминација. Без разлика дали сте жена или маж, вашиот работодавец НЕ СМЕЕ сексуално да ве вознемирува. Вашиот работодавец никогаш не треба:

- Да побара да извршите сексуални услуги;
- Да ве допре на сексуален начин; или
- Ви каже или се развика со сексуални или навреднувачки коментари.

5. Ваше право на здрава и безбедна работна средина

- Сите вработени имаат право на безбедни и чисти услови за работа:
  - Престој: Ако вашиот работодавец ви обезбеди престој, тој треба да биде чист, безбеден, и во безбедна градба.

- Рекламите на вашиот спонзор мора да бидат точни и да ги образложат сите трошоци, услови и ограничувања на програмата за размена. Вашиот спонзор, исто така, мора да ви даде ориентација и да ви ги обезбеди сите информации за:
  - J-1 програмата и опис на специфичната програма во која ќе учествувате и нејзините правила;
  - Патувањето и влезот во САД;
  - Престојот
  - Таксите и трошоците, вклучувајќи ги трошоците за живеење, здравствената заштита и трошоците за осигурувањето;
  - Локалните ресурси;
  - Адресата на вшиот спонзор и името и телефонскиот број на лицето одговорно за вас во Соединетите Американски Држави;
  - Контакт информациите од Службата на програмата за размена на Стејт Департментот;
  - Брошурата на програмата за размена на Стејт Департментот;
- Доколку се пријавувате на Програмата за летна работа и немате претходно организирано вработување, вашиот спонзор треба да ви помогне да најдете вработување, ако вие не најдете вработување во текот на првата недела по вашето пристигнување и исто така треба да осигура дека ќе добиете плата и бенефициипропорционални со оние понудени на вашите американски колеги.
- Ако вашата J-1 виза е наменета за програма за обука и стажирање:
  - Вашиот спонзор мора да ве интервјуира лично, по телефон или со веб камера;
  - Твоите спонзори мора да имат план за Обука /Стажирање (Формулар ДС-7002) пред да биде поднесена апликацијата за виза. Овој формулар вклучува писмена изјава за секоја стипендија која ќе ви се исплати како и преглед на целите на обуката на програмата.

- Вашиот спонзор мора да ви даде писмена изјава за трошоците и надоместоците што ќе треба да ги платите и проценка на трошоците за престојот во САД.
- Твојата обука /стажирање мора да биде најмалку 32 часа неделно; и
- Ако вашата обука/стажирање е во областа на земјоделството, вашите работни услови и исплатите мора да ги исполнат строгите федерални барања за земјоделски работници.

- Вашиот спонзор мора да се осигура дека ќе имате покриено медицинско осигурување, иако вашиот спонзор не треба да обезбеди или да плати за оваа покриеност.
- Ако работите во САД, треба да аплицирате и да добиете свој матичен број за Социјално сигурување и со користење на овој број вашиот работодавец мора да ги пријави сите даночни заддршки.
- Ако го носите вашиот брачен другар или малолетните деца со вас на J-2 виза, тие можат да аплицираат за право за работа само ако приходите не се неопходни да ве издржат.

Вашите права без оглед на статусот на вашата виза

Постојат многу права што ви следат без оглед на визниот статус. Ако било која од овие права се повредени, можете да ги пријавите повредите на агенциите за спроведување на ред и закон. Во повеќето случаи, можете да подонесете тужба со обид да ги повратите вашите загуби, без страв дека ќе бидете казнети.

1. Твое право да не ти се одмаздуваат

- Незаконски е за вашиот работодавец да се обиде да ве казни, на пример со закана дека ќе ве пријави во имиграционите служби или полиција ако се обидете да ги спроведете вашите права! Ако вашиот работодавец било кога ви се заканува, веднаш побарајте помош.

За повеќе информации за визи и процедурите за влез во САД , видете на веб страницата на Стејт Департментот на САД:

www.Travel.Ctate.gov.

Не заборавајте, вашата безбедноста секогаш е на прво место.

Совет

Задолжително да водите евиденција за сите сработени часови. Запишете ги сите денови и часови што сте ги работеле, колку и кога сте биле платени, било какви одбитоци земени од Вашата плата како и причините за одбитоците.

2. Право да бидете платени

- Вие имате право да бидете платени за сета работа што ја вршите, на ист начин како и американските работници.
- Имате право да заработите најмалку 6,55$ од час колку што е минималниот федерален легален лимит за час работа, и 7,25$ од час почнувајќи од 24 Јули 2009 на ист начин како и американските вработени. Исто така проверете:
  - Минималната плата во државата во која работите. Ако таа плата е повисока, вие имате право да бидете платени на повисок износ.
  - Вашиот договор за работа, кој може да го обврзе вашиот работодавец да ја исплати повисоката сума.
- Повеќето работници во Соединетите Американски Држави имаат право на надомест за прекувремена работа на една и пол пати повеќе од износот на нивните плати за секој час работа повеќе од 40 часа неделно. На пример, ако вашата редовна плата е 10$ на час, вашиот работодавец можеби ќе треба да плати 15$ са секој час работа што ќе го работите над 40 часа во една недела.
- Ако вашиот работодавец ви одземе пари од вашата плата, ова се нарекува одбивање. Многуте одбивања се нелегални ако тие ја намалуваат вашата законска плата. На пример, работодавецот обично не треба да одбива за престојот (со некои видови на визи, престојот мора да се обезбеди бесплатно), повеќето униформи, заштитна опрема, или таксите за вработување.